**20242524435**

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМСКА ИСТРАЖУВАЧКА МРЕЖА МАРНЕТ**

Врз основа на член 10 став 1 алинеја 8 и 9 од Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа („Службен весник на Република Македонија“ број 124/10, 47/2011, 41/2014 и 218/2024), Управниот одбор на МАРнет на седницата одржана на ден 25.11.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И УПРАВУВАЊЕТО СО ВРВНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРНЕТ ДОМЕНИ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник за организацијата и управувањето со врвните национални интернет домени (во понатамошниот текст: Правилник) се уредуваат условите, видови и користењето на националните интернет домени, имињата на домените, постапката за регистрација и бришење на домените, правата и обврските на регистрантите.

**Врвни национални интернет домени**

Член 2

(1) Врвни национални интернет домени на Република Северна Македонија се врвните македонски домени .mk (во натамошниот текст – доменот .mk) и .мкд (во натамошниот текст - доменот .мкд).

(2) Со домените во доменот .mk управува Македонската академска истражувачка мрежа МАРнет (во натамошниот текст- МАРнет), која во исто време е администратор на доменот .mk.

(3) Со домените во доменот .мкд управува МАРнет, која во исто време е администратор на доменот .мкд.

**Поимник**

Член 3

Одделени изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

1. Врвен домен – интернет-домен за Република Северна Македонија (.mk и .мкд)
2. Секундарни домени – интернет-домените што се регистрираат непосредно под врвниот домен.
3. Интернет - глобален комуникациски систем кој се состои од голем број на меѓусебно поврзани автономни системи (мрежи) кои вршат размена на информации со користење на заеднички збир на протоколи за комуникација.
4. ИП-дреса – е нумерички идентификатор што на недвосмислен начин овозможува идентификување на уреди поврзани на интернет.
5. Именски опслужувачи – имиња на именски сервери на кои се поставени записи за доменот.
6. Единствен регистар – база на податоци на имиња на домени, нивните регистранти и овластени лица за нивна администрација. Регистарот ги содржи сите регистрирани домени во доменитe .mk и .мкд кои постојат на примарниот именски опслужувач за домените .mk и .мкд (во понатамошниот текст- Регистар)

7. МАРнет – јавна установа што врши дејност од јавен интерес за развој, организација и управување на единствената образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во Република Северна Македонија, што управува со врвните национални интернет-домени.
8. Име на домен – низа од дозволени карактери и симболи
9. Регистрација на домен – запишување во Регистарот.
10. Датум на регистрација – датумот на кој доменот е регистриран и е видлив во Регистарот.
11. Датум на истекување на регистрација – датум до кој е важечки доменот односно датум до кој се намирени финансиските обврски за доменот и е видлив во Регистарот.
12. Регистрант – правно или физичко лице кое како краен корисник во согласност со утврдените услови во Правилникот го регистрирал доменот преку овластен Регистратор.
13. Административен контакт – е физичко лице, овластено од регистрантот во име и за сметка на регистрантот да ги добива и да ги доставува податоците за регистрираниот домен.
14. Технички контакт – е физичко лице, овластено од регистрантот во име и за сметка на регистрантот да ги добива и да ги доставува технички податоци за регистрираниот домен поврзани со именските опслужувачи.
15. Овластен Регистратор – правен субјект кој е авторизиран од страна на МАРнет за вршење на таква дејност и кој има овластен пристап до Регистарот за да прави промени врз основа на барање на регистрантот и овластените контакти (во понатамошниот текст: Регистратор).
16. Комплет на именски опслужувачи – запис кој содржи најмалку два валидни именски опслужувачи и еден технички контакт.
17. Барање – пропишан образец објавен на веб-локацијата на МАРнет и Регистраторите.

Еднината во овој Правилник значи множина, а множината значи еднина.

## II ВИДОВИ ДОМЕНИ ВО ДОМЕНОТ .mk И РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМЕНОТ .mk

### Член 4

(1) Во врвниот домен .mk се организираат:
- Примарен домен .mk и
- Секундарни домени:
1. .gov.mk
2. .edu.mk
3. .org.mk
4. .com.mk
5. .net.mk  и
6. .Inf.mk

(2) Бројот и видовите на домените во зоната .mk можат да се менуваат и развиваат во согласност со интернет-мрежата и потребите на корисниците на интернетот.

### .mk

### Член 5

Право да регистрираат име на домен во примарниот домен .mk имаат сите физички лица со живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија и сите правни лица. Правните лица регистрирани надвор од територијата на Република Северна Македонија треба да бидат соодветно идентификувани преку националните регистри за правни лица од државата во која се регистрирани.

**.gov.mk**

Член 6

Право да регистрираат име на домен во секундарниот домен .gov.mk имаат органите на државната управа во Република Северна Македонија, установи и други организации утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, како и јавни претпријатија и единици на локална самоуправа и Градот Скопје.

**.edu.mk**

Член 7

Право да регистрираат име на домен во секундарниот домен .edu.mk имаат правни лица регистрирани за вршење образовна или научноистражувачка дејност, странски образовни организации што имаат дозвола за вршење образовна и научноистражувачка дејност во Република Северна Македонија.

**.org.mk**

Член 8

Право да регистрираат име на домен во секундарниот домен .org.mk имаат непрофитни организации, здруженија на граѓани и фондации, центри, институти, политички партии, синдикати, јавни здравствени установи, приватни здравствени установи, фондови, странски амбасади и мисии во Република Северна Македонија, непрофитни странски организации на кои со меѓународен договор или согласно закон им е дозволено да вршат непрофитна дејност во Република Северна Македонија.

**.com.mk, .net.mk и .inf.mk**

Член 9

Право да регистрираат име на домен во секундарните домени .com.mk, .net.mk и .inf.mk имаат трговски друштва, физички лица регистрирани за самостојно вршење дејност, лица со јавни овластувања, комори, задруги, финансиски организации, правни лица и физички лица регистрирани за вршење стопанска дејност.

## III ВИДОВИ ДОМЕНИ ВО ДОМЕНОТ .мкд И РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМЕНОТ .мкд

Член 10

(1) Во врвниот домен .мкд се организира примарен домен .мкд.

(2) Право да регистрираат име на домен во примарниот домен .мкд имаат сите физички лица со живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија и сите правни лица регистрирани на територија на Република Северна Македонија.

## IV ИМЕ НА ДОМЕН

**Име на домен .mk**

Член 11

(1) Полното име на доменот се состои од:

- посебен дел на името (во понатамошниот текст: име на домен), кој го избира подносителот на барањето за регистрација на доменот - регистрантот и

- фиксен дел на името и тоа: примарните домени .mk или .мкд како и секундарните домени: .gov.mk, edu.mk, .org.mk, com.mk, net.mk и inf.mk.

(2) Името на доменот .mk ги содржи следните елементи и ги исполнува следниве услови:

- се состои од букви од англиската абецеда (при тоа не се разликуваат мали и големи букви), броевите од 0 до 9 и знакот „-“ (тире);

- се состои од најмалку 2 (два) до најмногу 63 (шеесет и три) знаци, а првиот и последниот знак не можат да бидат знакот „-“ (тире);

- не е дозволено последователно да се појавуваат два знаци „-“ (тире).

(3) По исклучок од ставот 2, името на доменот .mk може да се состои и од најмалку 1 (еден) знак во случај на заштитена трговска марка, заштитен жиг, име или бренд.

**Име на домен .мкд**

Член 12

(1) Името на доменот .мкд ги содржи следните елементи и ги исполнува следните услови:

(2) се состои од букви од македонската азбука (при што не се разликуваат мали и големи букви), броевите од 0 до 9 и знакот „-“ (тире);

(3) минималната должина на име на доменот се состои од најмалку 2 (два) знаци;

(4) максималната должина на име на доменот се состои од најмногу 63 (шеесет и три) знаци после извршената ASCII конверзија (punycode), а првиот и последниот знак не можат да биде знакот „-“ (тире);

(5) не е дозволено последователно да се појавуваат два знаци „-“ (тире).

V УПРАВУВАЊЕ СО ДОМЕНИТЕ .mk и .мкд

Член 13

(1) МАРнет:

- Спроведува постапка за регистрација на домени согласно овој Правилник,

- Извршува административни и технички работи поврзани со постојано и стабилно функционирање на примарниот именски опслужувач за сите .mk и домен .мкд,

- Го води единствениот Регистар на регистрирани домени;

- Ги утврдува општите услови за работа на Регистратор;

- Спроведува постапка за именување на Регистратор;

- Врши надзор над работата на Регистраторите;

- Изрекува дисциплински мерки кон Регистраторите

- Спроведува корективни активности на домени согласно овој Правилник;

- Издава потврда за регистриран домен,

- Врши други работи утврдени со закон и со други акти.

**Единствен Регистар**

Член 14

(1) Единствениот Регистар на домени содржи:

- Име на доменот,

- Регистратор преку кој е регистриран доменот,

- Име и адреса на регистрантот со неговите податоци за контакт,

- Имиња на лицата овластени за административен и за технички контакт заедно со нивните податоци за контакт,

- Датум на регистрација на доменот,
- Датум до кој доменот е важечки,
- Именски опслужувачи на кои е поставен доменот.

Јавно достапни податоци за регистрирани домени

Член 15

(1) Податоци кои се јавно објавени се следните:
- Име на доменот,
- Регистраторот преку кој е регистриран доменот,
- Име и адреса на регистрантот со неговите податоци за контакт,
- Имиња на лицата овластени за административен и за технички контакт заедно со нивните податоци  за контакт ,
- Датум на регистрација на доменот,
- Датум до кој доменот е важечки,
- Именски опслужувачи на кои е поставен доменот.

**Потврда за регистриран домен**

Член 16

На писмено барање од регистрантот, МАРнет издава писмена потврда со податоците кои се запишани во Регистарот за соодветниот домен.

VI РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМЕН

**Барање за домен**

Член 17

(1) За регистрација на домен, секој регистрант треба да поднесе барање.

(2) За секое име на домен се поднесува посебно барање.

(3) Со поднесување на барањето, регистрантот изјавува дека е запознаен и е согласен во целост со содржината на овој Правилник.

(4) Барањето за домен е образец што го пропишува МАРнет и јавно се објавува на веб-локацијата на МАРнет и на веб-локациите од овластените Регистратори.

(5) Барањето за домен ги содржи следниве податоци:
- името на доменот;
- целосниот назив (за правни лица) или име и презиме (за физички лица) на подносителот на барањето;
- седиште и адреса на подносителот на барањето;
- единствен даночен број кога подносител на барањето е правно лице;
- адреса на електронска пошта на подносителот на Барањето;
- операцијата која се бара со Барањето за домен (регистрација на домен, промена на регистрант на домен, бришење домен или промена на податоци за домен);
- име и презиме на лицето овластено за административен контакт заедно со неговите податоци за контакт;
- име и презиме на лицето овластено за технички контакт заедно со неговите податоци за контакт;
- имиња на најмалку два именски опслужувачи на кои се правилно поставени соодветни записи за доменот и доколку е потребно ИП-адреси на именските опслужувачи.

(6) Регистрантот и контактите се должни да ги одржуваат активни и важечки адресите на електронска пошта кои ги навеле како податоци за контакт за доменот.

(7) Барањето за домен се поднесува во писмена или електронска форма согласно Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, како и подзаконските акти кои произлегуваат од овие закони.

(8) Кон Барањето за домен се приложува и соодветна документација, во зависност од видот на доменот што се регистрира, односно од видот на субјектите кои имаат право да регистрираат домен и тоа:

- Заверена фотокопија од Актот со кој е извршен упис во соодветен регистар утврден со закон или друг доказ утврден со закон за стекнато право за вршење дејност,
- Одобрение од надлежен орган согласно одредбите од овој Правилник,
- Увид во документ за лична идентификација или соодветна електронска идентификација согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги во случај кога подносител на Барањето е физичко лице.

**Број и период на регистрација**

Член 18

(1) Бројот на регистрирани домени кој може да ги регистрира еден регистрант е неограничен.

(2) Домените се регистрираат за период од една до десет години, со право на продолжување по истекот на периодот за кој е регистриран доменот.

(3) Доколку важноста на доменот не биде обновена до датумот на кој истекува регистрацијата, доменот влегува во заштитен период од 60 (шеесет) дена и во тој период не може да се прават измени на податоците за доменот.

(4) Доколку доменот не се обнови во текот на 60 (шеесет) дена од влегување во заштитениот период, доменот се повлекува од примарната зона на врвниот домен и повеќе не е активен.

(5) По истекување на 120 (сто и дваесет) дена од влегувањето на доменот во заштитениот период, тој се брише од Регистарот и е слободен за регистрација.

**Промена на податоци за домен**

Член 19

(1) Регистрантот е должен во рок од 8 (осум) дена од настанатата промена на кој било податок за доменот, да поднесе Барање за промена на податоци за домен.

Барањето за промена на податоци за доменот регистрантот го доставува до својот Регистратор по писмен пат или во електронска форма согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

**Забрана за злоупотреба**

Член 20

(1) МАРнет е овластен да изврши привремена деактивација на домен кога тоа го бараат посебно оправдани причини, а особено кога постои сериозно сомневање дека регистрантот го регистрирал доменот спротивно на одредбите на овој Правилник, со регистрацијата или користењето на доменот врши повреда на права на други лица, а понатамошното користење на доменот би можело да нанесе сериозна штета на МАРнет или на други лица.

(2) Привремената деактивација на домен, МАРнет може да ја услови со барање на соодветна гаранција/потврда од другото лице или друг регистрант. Привремената деактивација трае сè додека не се реши настанатата спорна ситуација или на друг начин престане потребата од деактивирање.

**Временско првенство**

Член 21

Доколку во согласност со одредбите на овој Правилник кај одреден Регистратор е поднесено повеќе од едно Барање за регистрација за исто име на домен, право на првенство ќе има она Барање кое е целосно, уредно и временски прво поднесено кај овластен Регистратор.

**Доставување на податоци од Регистарот**

Член 22

(1) МАРнет ќе овозможи пристап на надлежните органи и служби до податоците од Регистарот кои ги собира во согласност со овој Правилник, вклучувајќи ги и оние податоци кои не се јавно објавени во случај кога согласно позитивните законски прописи на Република Северна Македонија, тие органи и служби имаат право на пристап до тие податоци.

(2) Податоците кои се потребни за започнување или водење судска постапка во врска со име на домен, вклучувајќи ги и податоците кои не се јавно објавени, МАРнет ќе ги достави по претходно барање доставено по службен пат од овластени лица.

**Промена на податоци за регистрирани имиња на домени**

Член 23

(1) Името на регистрираниот домен не може да се менува.

(2) Регистрантот поднесува Барање за промена на податоци кај Регистраторот каде е регистрирано името на доменот.

(3) Доколку Барањето за промена на податоци е согласно овој Правилник и нема никакви пречки за негова реализација, Регистраторот е должен веднаш да постапи по него, а најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на уредно поднесеното барање.

(4) Барањето за промена на податоци регистрантот може да го поднесе по писмен пат или во електронска форма согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(5) Регистраторот кој ги врши промените е одговорен кон МАРнет за точноста на извршената промена.

(6) МАРнет има право да измени какви било информации за домен или да избрише домен врз основа на правосилна судска одлука.

(7) Кога е потребно, за да се зачува техничката стабилност на Интернетот, МАРнет може по претходно известување до регистрантот привремено да го деактивира доменот до отстранување на причината.

**Листа на можни промени и овластени лица кои можат да бараат промени**

Член 24

(1) Промена на административен контакт може да бара регистрантот со поднесување на Барање кај Регистраторот.

(2) Промена на технички контакт може да бара регистрантот со поднесување на Барање кај Регистраторот.

(3) Промена на регистрант може да побара регистрантот со поднесување на Барање до Регистраторот заедно со новиот регистрант кој поднесува Барање за регистрација за истиот домен.

(4) Промена на податоци за регистрантот може да бара регистрантот со поднесување на Барање кај Регистраторот.

(5) Промена на именски опслужувачи може да бара регистрантот или контактите со поднесување на Барање кај Регистраторот или со користење на електронски средства (електронска порака или наменска веб-апликација).

**Увид и видливост на промените**

Член 25

(1) МАРнет има увид во сите промени што ги врши Регистраторот за секое Барање.

(2) Промената на податоците се смета дека е реализирана кога ќе биде видлива во Регистарот.

**Престанок на регистрација на домен**

Член 26

(1) Регистрација на домен престанува ако:

- регистрантот поднесе Барање за бришење на домен,
- регистрантот не ја продолжи регистрацијата на името на доменот по истекот на периодот од член 18,
- со правосилна судска одлука од надлежен суд е утврдено бришење на регистрирано име на домен,
- во случај кога МАРнет во согласност со овој Правилник недвосмислено утврди дека податоците за регистрираното име на домен се неточни или нецелосни.

(2) МАРнет може да ја прекине регистрацијата на името на доменот во случај кога регистрантот го изгубил статусот на правен субјект (правното својство) и доколку во рокот одреден од МАРнет, не пократок од 15 (петнаесет) дена, не достави доказ за правно наследство. Максималниот рок на МАРнет за спроведување на овие активности е согласно Законот за општа управна постапка.

(3) Во случај кога регистрацијата на доменот престанала врз основа на одредбите од овој член, Регистрантот односно овластениот Регистратор нема право на целосен ниту делумен надомест на трошоците за регистрација или продолжување на важноста на регистрираното име на домен.

VII ПРЕНОС НА ИМЕ НА ДОМЕН

**Промена на овластен Регистратор**

Член 27

(1) Регистрантот во текот на периодот на регистрацијата на името на доменот (важноста) има право да побара промена на Регистраторот.

(2) Промената на Регистратор се прави по претходно барање за ЕПП-код од регистрантот до Регистраторот каде што е регистрирано името на доменот за кое се бара промена на Регистратор.

(3) Регистраторот каде што е регистрирано името на доменот за кое се бара промена на Регистратор е должен да го достави овој ЕПП-код на регистрантот во рок од 3 (три) дена.

(4) Новиот Регистратор спроведува активности согласно доставено Барање за регистрација на доменот при што го користи ЕПП-кодот за автоматски пренос на доменот кај новиот Регистратор.

**Промена на регистрант**

Член 28

(1) Промена на регистрант се врши врз основа на:

1. Барање од регистрантот

2. Правосилна судска одлука од надлежен суд

(2) Во случај од точката 1 од ставот 1 од овој член, постојниот регистрант поднесува Барање кај Регистраторот каде што е регистрирано името на доменот, а новиот регистрант поднесува Барање за регистрација на името на доменот. Промената ќе се реализира откако двете барања ќе бидат важечки и кога ќе бидат исполнети условите за регистрација на доменот од страна на новиот регистрант.

(3) Доколку се исполнети условите од овој член, промената на регистрант на регистрираното име на домен по правило се спроведува веднаш, но не подоцна од 30 (триесет) дена.

(4) Во случај од точката 2 од ставот 1 од овој член, МАРнет ја врши промената согласно правосилната судска пресуда.

(5) Промената на регистрантот на регистрираното име на домен се смета дека е спроведена кога Регистраторот ќе ја направи видлива во Регистарот.

**Стекнување на право на користење на домен со наследување или со отстапување на домен**

Член 29

(1) Доколку регистрантот престанал да постои, правните наследници може да побараат стекнување право на користење на регистрираното име на домен, односно промена на регистрант со упис на свое име во Регистарот.

(2) Со Барањето за промена на регистрант, покрај потребната документација предвидена во членот 17, задолжително се приложува и правосилен акт со кој се докажува правото за наследување. Од Актот треба недвосмислено да произлегува и стекнување на правото за наследување на користење на доменот.

VIII ПРАВА И ОБВРСКИ НА РЕГИСТРАНТИТЕ

**Обврска за известување при промена на податоци за домен**

Член 30

(1) Регистрантот е должен за настаната промена на податоците што се запишуваат во Регистарот, во рок од 8 (осум) дена по писмен или електронски пат да го извести Регистраторот преку кој е регистриран доменот.

(2) Службените контакти помеѓу Регистраторите и регистрантите се остваруваат:

- со доставување на пополнет образец за соодветните промени;

− во случај на промена на именски опслужувачи и преку електронски пат до регистраторот, од наведените контакти за доменот од Регистарот.

**Комуникација**

Член 31

(1) Сите информации поврзани со домените .mk и .мкд се објавуваат на веб-локацијата на МАРнет.

(2) Доколку за одредени прашања е потребно да се оствари контакт истовремено со поголем број регистранти, контактот се остварува на истиот начин како што е пропишано во претходниот став од овој член.

(3) Комуникацијата остварена на начините утврдени со ставот 1 и ставот 2 од овој член има правно дејство како да е писмено известување.

**Одговорност на регистрант**

Член 32

(1) Регистрантот сноси одговорност за секоја регистрација на домен што не е во согласност со одредбите од овој Правилник.

(2) Регистрантот сноси одговорност за евентуална повреда на интелектуалната сопственост (авторски права, индустриска сопственост и друга заштита согласно прописите кои ја регулираат оваа материја), како и за секоја штета настаната како резултат на таква повреда, а која произлегува од покренување постапка за регистрација на домен или употреба на домен.

(3) Во случај на спор помеѓу регистрантот и друго лице, што произлегува од злоупотреба на доменот, МАРнет ги упатува на решавање на спорот во постапка утврдена со позитивните законски прописи и овој Правилник.

(4) МАРнет не може да биде страна во каков било спор кој произлегува од претходните ставови од овој член.

**Точност на податоци**

Член 33

(1) Регистрантот одговара за точноста на податоците во барањето и за веродостојноста на приложената документација кон барањето.

(2) Доколку овластениот Регистратор или МАРнет дополнително утврди дека доставените податоци во барањето се неточни или дека документацијата приложена кон барањето е неверодостојна, овластениот Регистратор или МАРнет по претходно известување до регистрантот може да го избрише доменот од Регистарот, без согласност на регистрантот.

(3) Одговорноста за евентуалните штети за погрешно бришење на домен ги сноси Регистраторот.

(4) Во случајот од став 3 на овој член се применуваат одредбите од овој Правилник кои се однесуваат на бришење на домен.

IX ОВЛАСТЕНИ РЕГИСТРАТОРИ

**Овластен Регистратор**

Член 34

Овластен Регистратор е правен субјект со регистрирано седиште во Република Северна Македонија односно врши дејност на територија на Република Северна Македонија. Овластениот Регистратор е должен да се придржува и да ги почитува одредбите од овој Правилник и другите акти на МАРнет.

**Пренос на правото за вршење на операции со домени**

Член 35

(1) Правото за вршење на операции со домени, МАРнет го пренесува со склучување договор во кој се регулирани правата и обврските согласно позитивното законодавство.

(2) Доколку некој Регистратор престане да постои, МАРнет станува Регистратор за домените од Регистраторот кој престанал да постои. При првата операција со таков домен, регистрантот ќе треба да одбере нов Регистратор од листата на овластени Регистратори.

**Услови за работа на Регистратор**

Член 36

Условите за работа на Регистраторите со посебни акти ги утврдува Управниот одбор на МАРнет. Во посебните акти се утврдуваат општите и техничките услови за работа на регистраторите и посебните услови за стекнување статус на Регистратор. Овластениот Регистратор во секое време мора да ги исполнува условите дефинирани во посебните акти со кои се утврдуваат општите, техничките и административните услови за работа на Регистраторите.

X РЕШАВАЊЕ СПОРОВИ

Член 37

Страните се упатуваат настанатите спорови во врска со регистрација на име на домен да ги решаваат пред надлежен суд.

XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38

(1) Измена и дополнување на овој Правилник може да се врши во секое време од страна на Управниот одбор на МАРнет на начин и во постапка како за донесување на овој Правилник.

(2) Предлог за измена и дополнување на овој Правилник може да предложи секој член на Управниот одбор и директорот на МАРнет.

Член 39

Важноста на постојните регистрирани домени .name.mk, како и останатите операции со домени се продолжува во согласност со одредбите од овој Правилник.

Член 40

По влегување во сила на овој Правилник, овластените Регистратори во рок од шест месеци ќе преземат активности за усогласување на регистрираните интернет домени со одредбите од член 11 став 2 и став 3 од овој Правилник.

По истекот на предвидениот рок во претходниот став од овој член, МАРнет ќе изврши проверка на усогласеноста со одредбите од член 11 став 2 и став 3 од овој Правилник.

Член 41

Овластените Регистратори треба да се усогласат со Правилникот во рок од 60 (шеесет) дена од стапувањето во сила на Правилникот и посебните акти со кои се утврдуваат општите и техничките услови за работа на регистраторите и посебните услови за стекнување статус на Регистратор за домени.

Член 42

МАРнет, како јавна установа која врши дејност од јавен интерес има право за свои потреби и за потребите на органите на државната управа на Република Северна Македонија, установи и други организации утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и закон, како и јавни претпријатија и единици на локалната самоуправа и градот Скопје, да регистрира примарен домен .mk и сите секундарни домени и примарен домен .мкд, како и да остане Регистратор за истите.

Член 43

Со стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за организацијата и управувањето со врвниот македонски .mk домен и врвниот македонски .мкд домен („Службен весник на РМ“ бр. 88 од 5.6.2014 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за за организацијата и управувањето со врвниот македонски .mk домен и врвниот македонски .мкд домен(„Службен весник на РМ“ број 22.1.2016 година).

Член 44

Овој Правилник влегува во сила и ќе се применува со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 03-14/1
25 ноември 2024 година
Скопје

Управен одбор МАРнет
Претседател,
Проф. д-р **Иван Чорбев**, с.р.